ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ НА
ИСТОЧЕН ПЛАНСКИ РЕГИОН
Бр. 01-130/1
22.03.2023 год.
П

ИСТОЧЕН РЕГИОН
ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ НА ИСТОЧЕН ПЛАНСКИ РЕГИОН

ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ЦЕНТАРОТ ЗА РАЗВОЈ НА ИСТОЧЕН ПЛАНСКИ РЕГИОН ЗА 2022 ГОДИНА

Март 2023

ПРЕДЛАГА:
Директор на Центарот за развој на Источен плански регион

ИЗГОТВУВА:
Центар за развој на Источен плански регион

УСВОЈУВА:
Совет за развој на Источен плански регион

Врз основа на член 4 став 1 алинеа 15 од Одлуката за основање на Центарот за развој на Источниот плански регион (од 2008 година и од 2021 година), Центарот за развој на Источен плански регион го подготви следниот:

Годишен извештај за работењето на
Центарот за развој на Источен плански регион
за 2022 година

ОПШТ ДЕЛ

I. ВОВЕД

Центарот за развој на Источен плански регион (ЦРИПР), согласно Законот за рамномерен регионален развој (Сл. Весник на РСМ бр. 24/21 и 174/21) во својство на правно лице е основан од страна на единиците на локалната самоуправа што влегуваат во состав на Источниот плански регион (Берово, Виница, Делчево, Зрновци, Карбинци, Кочани, Македонска Каменица, Пехчево, Пробиштип, Чешиново-Облешево и Штип).

Центарот е регистриран на 26 мај 2008 година и започна со работа од 1 октомври 2008 година, по назначувањето на Раководител на Центарот.

Надлежностите и делокругот на работа на Центарот за развој се утврдени во член 30 од Законот за рамномерен регионален развој (Сл. Весник на РСМ бр. 24/21 и 174/21).

Седиштето на Центарот е во Општина Штип, како единица на локална самоуправа со најголем број жители (член 26 став 7 од Законот за рамномерен регионален) на ул.„Ванчо Прке" број 119 кат 2, 2000 Штип, тел: 032/386-408, 032/386-409, е-маил: eastregion@eastregion.mk и веб страна www.eastregion.mk.

II. СТРУКТУРА НА ОРГАНИЗАЦИОНАТА ПОСТАВЕНОСТ

2.1. *Директор*

Директор на Центарот за развој на Источен плански регион.

2.2 *Администрација*

А. Одделение за стратешко планирање и имплементација на проекти, поддршка на бизнис секторот и информатичко-комуникациска технологија

- Раководител на одделение
- Координатор за стратешко планирање и регионален развој
- Координатор за регионален развој и инвестициски проекти
- Соработник за поддршка на бизнис секторот, регионален развој и информатичко-комуникациска технологија

Б. Одделение за нормативно-правни работи, општи работи и управување со човечки ресурси

- Раководител на одделение
- Координатор за нормативно-правни работи, општи работи и управување со човечки ресурси
- Соработник за административно-технички работи
- Хигиеничарка

В. Одделение за јавни набавки

- Раководител на одделение
- Координатор за јавни набавки

Центарот во 2022 година има вкупно 6 (шест) вработени. Шест се во редовен работен однос, еден директор кој се избира на четири години, три координатори за регионален развој, еден координатор за нормативно-правни работи, општи работи и управување со човечки ресурси, и едно лице вработено (на определено време) како координатор на проектот „Бизнис центар за поддршка и советодавни услуги за мали и средни претпријатија".

Бројот на вработените по работни места е: Директор – еден извршител (1), Координатор за стратешко планирање и регионален развој - тројца извршители (3), Координатор за нормативно-правни работи, општи работи и управување со човечки ресурси – еден извршител (1) и еден координатор вработен на проект - еден извршител (1).

III. ПОРТФОЛИО НА УСЛУГИ НА ЦЕНТАРОТ ЗА РАЗВОЈ НА ИСТОЧЕН ПЛАНСКИ РЕГИОН

3.1 Услуги за поддршка на Советот за развој на Источен плански регион

- Поддршка на работата на Советот на регионот.

3.2 Услуги за поддршка на Советот за социјална заштита на Источен плански регион

- Поддршка на работата на Советот на регионот.

3.3. Услуги за поддршка на Меѓуопштински совет за управување со отпад во Источен плански регион

- Поддршка на работата на Советот на регионот

3.4 Услуги за општо информирање

- Интернет страна: www.eastregion.mk , www.investineastregion.mk;
- Facebook: Centre for Development of the East planning region;
- Facebook: Regional social point in East planning region;
- YouTube: East Planning Region;
- Поддршка на порталот: www.culturalbridge-cbc.org;
- Поддршка на порталот www.ipacbc-joint-future.org;
- Поддршка на порталот: www.cbc-green.com;

3.5 Консултански услуги за подготовка и имплементација на проекти

- Информирање за достапни фондови и отворени повици;
- Подготовка на предлог - проекти;
- Реализација на проекти;
- Фасилитирање партнерства;
- Советувања при имплементација на проекти.

3.6 Обуки, работилници и услуги

- Реализација на обуки и работилници;
- Организација и менаџирање на обуки од трети лица;
- Организација на средби помеѓу засегнати страни од регионот и надвор од него;
- Настани за градење свесност за Регионалниот развој;
- Изработка на извештаи и анализи од регионалниот развој.

3.7 Услуги за промоција

- Организирање на промотивни настани и учество на саеми и друг тип настани во име на регионот;
- Организирање на информативни денови за промоција на потенцијалите на регионот;
- Подготовка на промотивни материјали за регионот;
- Поддршка при учество на саеми и други манифестации.

3.8 Лобирање

- Лобирање за различни програми за засегнати страни од регионот;
- Лобирање за потребите на бизнис секторот.

3.9 Поддршка и советодавни услуги за мали и средни претпријатија

- Организирање на промотивни настани и советодавни информативни средби;
- Формирање дата база на податоци за евиденција на развојните потенцијали на општините и на планскиот регион;
- Интерактивен веб портал.

3.10 Услуги за промоција на социјално претприемништво

- Промовирање на социјални претпријатија;
- Поддршка за учество на саем за социјални претпријатија;
- Организација и средби помеѓу засегнати страни на национално и регионално ниво;
- Подигнување на свесност за социјално претприемништво.

3.11 Зајакнување на регионот како атрактивна дестинација за еко туризам

- Организација на средби помеѓу засегнати страни од регионот и пошироко;
- Градење на капацитети на општините за потенцијалите од развојот на еко туризмот;
- Подготовка на промотивни материјали за регионот.

АКТИВНОСТИ НА ЦЕНТАРОТ ВО 2022 ГОДИНА

I. Проект финансиран од страна на Министерството за локална самоуправа – Биро за регионален развој од Програмата за рамномерен регионален развој за 2020 година

Од Програмата за рамномерен регионален развој за 2020 година која се имплементира преку Министерство за локална самоуправа - Биро за регионален развој, од вкупно одобрени 3 (три) проекти за реализација, 2 (два) проекти се целосно реализирани, а проектот под реден број 1 (еден) е во фаза на реализација.

Ред. број	Назив на проектот	Статус на проектот	Потребни средства	Извор на финансирање
1.	„Создавање на услови за развој на културен туризам во Источен плански регион - Реконструкција на културен дом „Тошо Арсов" во Општина Виница"	Во фаза на реализација	18.480.105,00	Министерство за локална самоуправа, Биро за регионален развој, Општина Виница

Градежните активности предвидени во рамки на проектот, од страна на изведувачот се очекува да бидат завршени заклучно со 31.05.2023 година.

II. Проекти финансирани од страна на Министерството за локална самоуправа – Биро за регионален развој од Програмата за рамномерен регионален развој за 2021 година со индикативно планирани средства за 2022 година

Согласно Законот за рамномерен регионален развој (Сл. Весник на РСМ бр. 24/21 и 174/21) и новата двогодишна Програма за изменување и дополнување на Програмата за рамномерен регионален развој за 2021 со индикативно планирани средства за 2022 година (Сл. весник на РСМ бр. 84/2021), со Одлука за доделување на средства за финансирање на проекти за развој на планските региони за 2021 година со индикативно планирани средства за 2022 година („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 278/21, 284/21, 210/22, 226/22), на Центарот за развој на Источен плански регион му беа доделени вкупно 7 (седум) проекти за реализација.

Ред. број	Назив на проектот	Статус на проектот	Вкупен буџет	Извор на финансирање
1.	Градски пазар во Делчево – отворен и затворен дел (II фаза)	Реализиран проект	28.570.654,89	Министерство за локална самоуправа, Биро за регионален развој, Општина Делчево
2.	Осветлување на дел на магистрален пат А3 кој поминува низ Македонска Каменица	Реализиран проект	6.313.007,98	Министерство за локална самоуправа, Биро за регионален развој, Општина Македонска Каменица
3.	Збогатување на содржините за рекреација во Источен регион – Смарт и авантуристички паркови во општините Штип и Кочани	Делумно реализиран	10.614.387,87	Министерство за локална самоуправа, Биро за регионален развој, Општина Штип, Општина Кочани
3.1.	Дел 1 – Партерно уредување во склоп на објект Дом на млади - Штип	Дел 1 – во тек на реализација	6.409.877,61	Министерство за локална самоуправа, Биро за регионален развој, Општина Штип
3.2.	Дел 2 - Реконструкција на градски парк Кочани	Дел 2 - Реализиран	4.204.510,26	Министерство за локална самоуправа, Биро за регионален развој, Општина Кочани

4.	Подобрување на инфраструктурата за развој на туризмот • Дел 1 – локален пат во Берово • Дел 2 - доуредување на локалитет Лесново	Реализиран проект	8.056.541,00	Министерство за локална самоуправа, Биро за регионален развој, Општина Берово, Општина Пробиштип
5.	Енергетски ефикасен, пристапен и достапен објект за сите - општина Виница	Во тек на реализација	12.010.245,00	Министерство за локална самоуправа, Биро за регионален развој, Општина Виница
6.	Партерно уредување на рекреативен центар во туристичка населба Рамна река - Општина Пехчево Фаза 1	Во тек на реализација	6.384.934,00	Министерство за локална самоуправа, Биро за регионален развој, Општина Пехчево
7.	Изработка на технички документации за унапредување и промоција на конкурентските предности на Источен плански регион	Во фаза на подготовка на тендерска документација	4.248.036,00	Министерство за локална самоуправа, Биро за регионален развој **Резервни средства**

III. Проекти финансирани од страна на Министерството за локална самоуправа – Биро за регионален развој од Програмата за рамномерен регионален развој за 2022 година со индикативно планирани средства за 2023 година

Врз основа на член 53 од Законот за рамномерен регионален развој (Сл. Весник на РСМ бр. 24/21 и 174/21) и Програма за рамномерен регионален развој за 2022 година со индикативно планирани средства за 2023 година со Одлука за доделување на средства за финансирање на проекти за развој на планските региони на Центарот за развој на Источен плански регион се доделени вкупно 5 (пет) договори за реализација на проекти („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 226/22 од 25.10.2022 година)

Ред. број	Назив на проектот	Статус на проектот	Вкупен буџет	Извор на финансирање
1.	Подобрување на условите за развој на манифестациски туризам - Реконструкција на Сина сала при Дом на култура Тошо Арсов – Виница	Во тек на реализација	13.893.352,00	Министерство за локална самоуправа, Биро за регионален развој, Општина Виница
2.	Подобрување на туристичката сигнализација и инфраструктура во Источен плански регион – Електрификација, оградување и поставување на туристичка сигнализација на археолошки локалитет Баргала и Поплочување на улица во автентичен стил во населба Ново Село	Во тек на реализација	14.048.365,00	Министерство за локална самоуправа, Биро за регионален развој, Општина Карбинци, Општина Штип
3.	Уредување на рекреативен центар во туристичка населба Равна река – II фаза	Во тек на реализација	6.118.772,00	Министерство за локална самоуправа, Биро за регионален развој
4.	Подобрување на состојбата со каналите за наводнување и одводнување и каскади на Зрновска река	Во тек на реализација	9.437.268,00	Министерство за локална самоуправа, Биро за регионален развој
5.	Подобрување на условите за развој на планинско-рекреативен туризам - Уредување на СРЦ Пониква	Во постапка	6.417.434,00	Министерство за локална самоуправа, Биро за регионален развој, Општина Кочани

Аплициран проект за финансирање од Програмата за рамномерен регионален развој за 2022 година со индикативно планирани средства за 2023 година - Проекти за развој на подрачјата со специфични развојни потреби

Согласно објавениот јавен повик од страна на Бирото за регионален развој во рамките на Програмата за рамномерен регионален развој за 2022 година со индикативно планирани средства за 2023 година, до Министерство за локална самоуправа - Биро за регионален развој, Центарот за развој на Источен плански регион поднесе 1 (еден) предлог-проект за развој на подрачјата со специфични развојни потреби.

Проектот ***„Промоција на културните, природните и духовните вредности на село Лесново, општина Пробиштип"*** со вкупен буџет од 1.061.500,00 денари беше позитивно оценет, меѓутоа поради недостаток на средства не беше поддржан за финансирање.

IV. Аплицирани и одобрени проекти за финансирање од Програмата за капитални субвенции за развој на плански региони во областа на земјоделството и руралниот развој за 2022 година

Ред. број	Назив на проектот	Статус на проектот	Буџет	Извор на финансирање
1.	„Подобрување на руралната патна инфраструктура преку изградба на пристапни патишта во подрачјата со земјоделска дејност и обработлива површина во Источен плански регион"	реализиран	487.180,00	Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство
	Рехабилитација на полски пат во село Вирче, општина Делчево (завршеток на траса) должина од 320 метри и ширина од 4,5 метри			
			Вкупен буџет со ДДВ:	**487.180,00**
2.	„Подобрување на руралната патна инфраструктура преку изградба на пристапни патишта во подрачјата со земјоделска дејност и обработлива површина во Источен плански регион"	Во фаза на реализација	1.170.855,00	Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство
	Рехабилитација на пат во м.в. Долни Бавчи, во општина Делчево должина од 1000 метри и ширина од 4,5 метри			
			Вкупен буџет со ДДВ:	**1.170.855,00**

За проект „Рехабилитација на пат во м.в. Долни Бавчи, во општина Делчево со должина од 1000 метри и ширина од 4,5 метри", вкупно одобрена вредност за проектот од страна на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство е на износ од 1.858.500,00 денари.

По завршување на постапката за доделување на договор за јавна набавка конечната вредност за изведба на проектот е на висина од 1.170.855,00 денари.

V. Реализација на проекти за финансирање од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој

Од Повикот од 2015 година, проектот „Изработка на УПС во Општините Кочани, Чешиново-Облешево, Карбинци, Пехчево, Зрновци и Македонска Каменица" е сè уште во фаза на реализација, со вкупен буџет на проектот од 22.886.095,00 денари, остаток за исплата 50% или 11.443.047,50 денари.

Ред. бр.	Назив на проектот	Буџет	Статус	Извор на финансирање
1.	Изработка на УПС за села во ИПР за општините Кочани, Карбинци, Македонска Каменица, Зрновци, Чешиново-Облешево и Пехчево	11.443.047,50	Од вкупно 22 УПС, 21 УПС се усвоени, останува уште со Одлука на Влада на РСМ само за 1 УПС да се одобри пренамена на земјиште и проектот ќе биде целосно реализиран.	**Мерка 322** АФПЗРР Кофинансирање од страна на општини Кочани, Карбинци, Македонска Каменица, Зрновци, Чешиново-Облешево и Пехчево;

VI. Реализација на проекти финансирани од Националниот буџет

Иницијативата на Советот за развој на Источен плански регион која беше доставена до Владата на Република Македонија во 2019 година заедно со изработената Физибилити студија за воспоставување на ски центар на Царев Врв, беше прифатена и воспоставувањето на ски центар на Царев Врв е внесен во националниот план на стратешки приоритетни проекти.

Во текот на 2022 година, Центарот за развој на Источен плански регион изработи и поднесе предлог за ревизија, ажурирање и дополнување на постојната физибилити студија за Ски центар Царев Врв со идеен проект за изградба на ски центар Царев Врв.

Во текот на 2022 година, Центарот за развој на Источен плански регион во соработка со сите вклучени страни, изработи проектна задача за изработка на Мастер план за ски центар на Царев врв. Врз основа на проектната задача и извршените консултации е одлучено истиот да биде постапка од *државен интерес*. Со мастер планот се планирани геодетски работи, урбанистичко планирање на просторот, изработка на студија за влијанието на животната средина, комплетна проектна документација за линиски инфраструктурни проекти за подрачјето од интерес, кои во следната фаза би се искористиле за подготовка на детални основни проекти за двофазен развој на ски центарот Царев Врв и ревизија.

На 15.03.2021 година, Центарот за развој на Источен плански регион потпиша Меморандум за соработка со Министерство за животна средина и просторно планирање и Агенција за планирање на просторот за спроведување на проект од државен интерес за изработка на просторен план на Република Северна Македонија. Во текот на 2022 година се спроведоа регионални консултации, промоција на започнатиот процес, собирање на расположлива документација од регионот и спроведување на анкетен процес преку пополнување на прашалници од сите вклучени страни во процесот.

Во текот на 2022 година Центарот за развој на Источен плански регион активно го поддржа процесот на организација на два серијали на „визионерски работилници" за изработка на Националната развојна стратегија.

VII. Проекти финансирани во рамки на ИНТЕРРЕГ (ИПА) Програмата за прекугранична соработка помеѓу Република Македонија и Република Бугарија 2014-2020

Во рамките на ИНТЕРРЕГ ИПА Програмата за прекугранична соработка помеѓу Бугарија - Македонија 2014-2020 година, II (втор) повик, Центарот за развој на Источен плански регион, во мај 2018 година поднесе 2 (два) предлог-проекти и истите беа одобрени за финансирање во периодот јули – септември 2019 година.

Реализацијата на активностите во рамки на инфраструктурниот проект „Нашето заедничко минато - патека за заедничка иднина" во кој Центарот за развој на Источен плански регион е водечки партнер, а Општина Гоце Делчев од Република Бугарија е проектен партнер, е завршена во месец јули 2021 година. Во текот на 2022 година беа спроведени две контроли, завршен мониторинг и финансиска исплата на трошоците, заклучно со 23.11.2022 година.

Реализацијата на активностите во рамки на инфраструктурниот проект „Културен мост низ вековите", во кој Народното читалиште „Георги Тодоров - 1885" е водечки партнер, а Центарот е проектен партнер, е завршена во месец септември 2021 година. Во текот на 2022 година беа спроведени две контроли, завршен мониторинг и финансиска исплата на трошоците, заклучно со 29.09.2022 година.

Ред. бр.	Назив на проектот	Буџет ЕУР	Статус	Носител / Партнер	Извор на финансирање
1.	„Нашето заедничко минато - патека за заедничка иднина" Реконструкција на мултикултурен центар во Кочани	**315.825,62 €** вкупно 562.353,54 €	Реализиран	ЦРИПР / општина Гоце Делчев	ИНТЕРРЕГ ИПА Програма за прекугранична соработка
2.	„Културен мост низ вековите" Конзерваторски работи на црква Св. Власие, пристап и осветлување	**185.187,62 €** вкупно 406.222,44 €	Реализиран	Народното читалиште „Георги Тодоров - 1885" / ЦРИПР	ИНТЕРРЕГ ИПА Програма за прекугранична соработка

Во текот на 2022 година, Центарот за развој на Источен плански регион беше активно вклучен во подготовка на работните документи на ИНТЕРРЕГ ИПА Програмата за прекугранична соработка помеѓу Република Бугарија и Република Северна Македонија 2021-2027 година.

Формиран е Стратешки одбор и Комитет за следење на Програмата за прекугранична соработка ИНТЕРРЕГ ИПА Програмата за прекугранична соработка помеѓу Република Бугарија и Република Северна Македонија 2021-2027 година.

VIII. Проекти финансирани од меѓународни извори на финансирање

Ред. бр.	Назив на проектот	Буџет	Временска рамка	Носител / партнер	Извор на финансирање
Програма за зачувување на природата – излезна фаза					
2.	Унапредување на Туристичката понуда во Осогово, Малешево и околината Финансиска поддршка за унапредување на понудата на чинителите во туризам и угостителство во подрачјата на Осогово и Малешево	1.152.623,00	2022	ЦРИПР	Програмата за зачувување на природата во Северна Македонија, Швајцарска Агенција за развој и соработка
Одржлив и инклузивен рамномерен регионален развој – II фаза					
3.	Спроведување на менторска поддршка за МСП од Источниот плански регион за подготовка на апликации на повиците од ФИТР	300.000,00	2022	ЦРИПР	МЛС, СДЦ
	Промоција на бизнис секторот, изработка на видео записи	120.000,00	2022	ЦРИПР	МЛС, СДЦ
	Организација и реализација на два регионални форумски циклуси	520.000,00	2022	ЦРИПР	МЛС, СДЦ
	Организација на обуки и работилници за подигање на капацитетите на Центарот за развој на Источен плански регион и партнерите - „паметна специјализација"; - „примена на алатките за зајакната транспарентност и респонсивност преку користење на социјалните медиуми".	117.200,00	2022	ЦРИПР	МЛС, СДЦ

			УНДП		
5.	Дигитализација на општинските услуги во Источен плански регион	2.623.750,00	2021 - 2022	ЦРИПР 11 општини од ИПР	УНДП, БРР
			ЕУ		
6.	Поддршка и промоција на социјално претприемништво во Источен плански регион – Националниот саем за поддршка на социјални претпријатија. – Регионален саем за поддршка на социјални претпријатија; – Организација на Работилници; – Поддршка на процес за спроведување на јавни повици за доделување на грантови;	471.475,00	2021 - 2022	ЦРИПР	ЕУ

IX. Активности на Бизнис Центарот во рамки на Центарот за развој на Источен плански регион за 2022 година

Со цел зголемување на конкурентноста на планските региони преку поддршка на малите и средни претпријатија и на претприемништвото, во текот на 2014 година формирани се Бизнис Центри за поддршка и консултативни услуги за мали и средни претпријатија во рамки на постојните Центри за развој на планските региони. Ваков Бизнис Центар е формиран и во Источниот плански регион во состав на Центарот за развој на Источен плански регион - Штип, кој треба да ги надополни постојните услуги насочени кон бизнис секторот во квалитет - целисходност, применливост и додадена вредност и квантитет - зголемено мени на услуги и опфат на корисници. Проектот финансиски е поддржан од Министерството за локална самоуправа и Швајцарската агенција за развој и соработка.

Во текот на 2022 година Бизнис Центарот спроведе серија на активности сè со цел поддршка на бизнис секторот во регионот во насока на поттикнување на економскиот раст и развој на регионот. Како дел од активностите на Бизнис Центарот беа спроведени:

- Ажурирање на евиденцијата на развојните потенцијали на општините и на планскиот регион од значење за регионалниот развој;
- Ажурирање на Електронската регионална база на податоци за институции и фирми кои нудат услуги за развој на приватниот сектор (непрофитни, образовни, локални агенции и единици на владини агенции, консалтинг фирми, правници, сметководители и сл.);

- Ажурирање на Електронската регионална база на податоци за достапните „greenfield" и „brownfield" локации;
- Информации до МСП за отворени јавни повици за поддршка на бизнис секторот;
- Информативна објава за годишни активности на ФИТР за 2022 година;
- Организација на инфо сесии преку ЗООМ платформа за објавените јавни повици на ФИТР, презентација на условите за аплицирање по јавните повици и спроведување на процес на доделување на менторска поддршка, инструменти за поддршка на МСП и проектни тимови;
- Учество во организација и спроведување на два циклуси на регионални форумски сесии за Источен плански регион од програмата „Регионални форуми на заедницата" финансирани во рамките на проектот „Одржлив и инклузивен рамномерен регионален развој – II фаза";
- Ажурирање на интерактивниот веб портал: www.investineastregion.mk ;
- Ажурирање на facebook страната: Бизнис центар на Источен плански регион.

X. Останати активности на Центарот за развој на Источен плански регион за 2022 година

Во текот на 2022 година, Центарот за развој на Источен плански регион организираше и поддржа низа на обуки, информативни средби и работилници за потребите на Министерството за локална самоуправа, другите линиски министерства, општините и останати агенции и институции.

1. Програмата за прекугранична соработка ИНТЕРРЕГ ИПА БГ-МК 2021-2027;

- Поддршка во организација на јавна расправа за Извештај за стратегиска оцена во рамките на ИНТЕРРЕГ ИПА БГ-МК 2021-2027;
- Учество во Заедничка работна група за ИНТЕРРЕГ ИПА БГ-МК Програма за прекугранична соработка БГ-МК 2021-2027;
- Ко-претседателство во Стратешкиот Одбор на Интегрираната Територијална Стратегија во рамките на ИНТЕРРЕГ ИПА БГ-МК 2021-2027;
- Учество во Заеднички комитет за следење на ИНТЕРРЕГ ИПА БГ-МК 2021-2027;

2. Воспоставување на МОС, процес на дигитализација;

- Организација на инфо настан за воспоставување на меѓуопштинска соработка за проектот „Дигитализација на општински услуги";
- Организација на обука во рамки на проектот „Дигитализација на општинските услуги" финансиран од страна на УНДП и Бирото за регионален развој, на тема родови прашања поврзани со меѓуопштинската соработка и темата на проектот „Дигитализација на општински услуги", за претставници од сите општини во состав на Источниот плански регион;
- Работилница за Дигитални предизвици за општествена трансформација;
- Поддршка во организација на вебинар „Сајбер безбедност - како да се заштитиме во дигиталниот свет" во рамки на проектот „Зголемување на граѓанското учество во дигиталната агенда";
- Оддржан настан за Дигитална агенда за граѓаните – Дигитализација и дигитална трансформација за поефикасна администрација;
- Поддршка на процесот за идентификација на потребата за давање на дигитални услуги на граѓаните од страна на јавниот сектор, во соработка со Центарот за управување со знаење, се спроведе истражување за јазот во вештините на вработените од различни сектори, преку дистрибуција и пополнување на он-лајн прашалник;

3. Организација на регионални форуми и работилници и обуки;

- Организација на регионални форуми на заедницата за избор на проекти за финансирање во 2022/2023 година;
- Организација на регионални форуми на заедницата за избор на проекти за финансирање во 2023/2024 година;
- Организација на работилница за ефективно комуницирање и подигнување на видливоста на регионалните развојни проекти;
- Организација на работилница за паметна специјализација;
- Организација на меѓурегионална обука за редовна и одржлива примена на алатки за зајакната транспарентност и респонсивност преку користење на социјални медиуми;

4. Поддршка на процесот за изработка на Национална развојна Стратегија

- Организација на информативен настан за визионерска работилница за изработка на Националната развојна Стратегија со УНДП;
- Организација на визионерска работилница за креирање на национална развојна стратегија,

- Организација на учесници од регионот во визионерска работилница за креирање на национална развојна стратегија тема *Вода и животна средина*;

5. Програмата за зачувување на природата – излезна фаза

- Организација на Јавна расправа за Планот за управување на заштитен предел Осогово и јавна расправа за стратегиската оцена за влијание врз животната средина за Планот за управување на заштитен предел Осогово;
- Спроведување на две онлајн работилница за запознавање на процесот со прогласување на НАТУРА 2000 подрачја и запознавање со регионалниот план за управување со шуми за микро регионот Малеш-Пијанец;
- Работна посета на Амбасадорот на Швајцарија за запознавање со спроведените проекти финансирани од Програмата за зачувување на природата прва и втора фаза во општините Кочани, Пробиштип и Чешиново-Облешево;
- Инстаграм тура за промоција на регионот со ТУР оператори;

6. Поттикнување на претприемништво

- Во рамки на Националната платформа за женско претприемништво, со цел поддршка и промоција на женското претприемништво на национално и меѓународно ниво, ЦРИПР потпиша Декларација за подобрување и унапредување на положбата на женското претприемништво во регионот;
- Поддршка во организација на регионална конференција за промоција, поддршка и унапредување на женското претприемништво во регионот;
- Поддршка во организација на две работилница за промоција и унапредување на женското претприемништво во регионот;
- Одржани инфо сесии за поддршка на социјални претпријатија, резервирани договори;
- Поддршка на настан за циркуларна економија, учество на соодветни претставници од општините;
- Поддршка на организација на национален и регионален саем за социјални претпријатија;,
- Поддршка на организација на работилница за членовите на регионалните совети за социјална заштита за запознавање и подобро дефинирање на социјални проблеми, ризици, социјална ранливост;
- Спроведување на јавен оглас за пријава за социјални ментори во регионот, обучени први социјални ментори во ИПР;
- Поддршка на повик за финансирање на СП - Цепросарт и поддршка на повикот за финансирање на СП - Национален младински сојуз. Избрани за финансирање 3 (три) организации од регионот;
- Поддршка во спроведување на јавен оглас за пријава за поддршка, развој на идеја за идни социјални претпријатија, бизнис планови. за бесплатна менторска поддршка;
- Претставник од ЦРИПР учествуваше на студиска посета во Република Полска во рамки на проектот "Поддршка на социјалното претприемништво";
- Поддршка во организација на инфо сесија на ФИТР за „Кофинансирани грантови за старт-ап и спин-оф компании" и поддршка на заинтересирани апликанти;
- Поддршка во организација на ФИТР инфо сесија за објавен јавен повик за комерцијализација на иновации;
- Организирана инфо сесија во врска со објавениот повик од страна на ФИТР за Справување со климатски промени;
- Поддршка во организација на семинар на СКМ и ИФЦ предизвици и изнаоѓање нови алатки и можности за поддршка на фирмите - рани знаци на предупредување за настанување на инсолвентност и користење на медијацијата во решавањето на спорови;

- Поддршка на процесот на МОН за спроведување на анализа на соодветноста на постојните образовни профили на училиштата, како и на потребата од нови профили кои им се потребни на компаниите но не се вклучени во стручното образование, преку прашалник;

7. Подобрување на просторно и урбанистичко планирање

- Поддршка на процесот за изработка на национален просторен план;
- Организација на работилници за изработката на национален просторен план;
- Одржани онлајн состаноци со заинтересирани страни за изработка на Просторниот план;

8. Интегриран систем за управување со отпад и циркуларна економија

- Одржана презентација на идни активности во рамки на проектот за Воспоставување на меѓурегионален систем за управување со отпад;
- Состаноци за процесот на затварање на диви депонии;
- Работни состаноци во МЖСПП поврзани со изработка на урбанистичка планска документација за изградба на претоварни/трансфер станици во рамки на проектот за воспоставување на систем за регионално управување со отпад;
- Учество на меѓународна работилница на тема „Управување со отпад и развој на локалната економија".

XI. Спроведени јавни набавки од страна на Центарот за развој на Источен плански регион

Во текот на 2022 година Центарот за развој на Источен плански регион ги реализираше следните јавни набавки согласно Законот за јавни набавки:

1. **Набавки од мала вредност:**

- Набавка на дизел гориво за службено патничко моторно возило – ЕУРОДИЗЕЛ БС (Д-Е V);
- Набавка на услуги од друштво за вршење сметководствени работи;
- Ангажирање на приватна агенција за вработување, заради вршење на привремени вработувања и/или посредување за вработување.

2. **Поедноставена отворена постапка:**

- Подобрување на инфраструктурата за развој на туризмот – локалитет, туристичка населба Беровско Езеро и локалитет Лесново (делива набавка);
- Осветлување на дел од магистрален пат А3 кој поминува низ Македонска Каменица;
- Изградба на Градски пазар во Делчево - отворен и затворен дел (II фаза);
- Рехабилитација на полски пат во село Вирче, општина Делчево (завршеток на траса);
- Збогатување на содржините за рекреација во Источен плански регион - авантуристички паркови во општините Штип и Кочани (делива набавка);
- Рехабилитација на пат во м.в. Долни Бавчи, во општина Делчево;
- Подобрување на состојбата со каналите за наводнување и одводнување и каскади на Зрновска река;
- Подобрување на туристичката сигнализација и инфраструктура во Источен плански регион - електрификација, оградување и поставување на туристичка сигнализација на археолошки локалитет Баргала и поплочување на улица во автентичен стил во населба Ново Село (делива набавка);
- Уредување на рекреативен центар во туристичка населба Равна река, општина Пехчево, I и II фаза.

XII. Седници на Советот за развој на Источен плански регион

Центарот за развој на Источен плански регион во периодот јануари - декември 2022 година подготви и организираше **6 (шест) седници** на Советот за развој на Источен плански регион.

На ден 07.03.2022 година во општина Кочани, се одржа третата Седница на Советот за развој на Источен плански регион

На Седницата Заменик Министерот при Министерство за животна средина и просторно планирање Христина Оџаклиеска и Неби Рецепи – Раководител на Сектор за просторно планирање при МЖСПП ги информираа присутните за легислативата за изработка и донесување на Просторен План на Република Северна Македонија.

Претставник од Агенција за просторно планирање информираше за методологијата и видови на документи потребни како документациона основа за изработка на Просторен План на Република Северна Македонија.

Директорот на Бирото за регионален развој Рамиз Рецепи информираше за начинот на организирање и спроведување на регионални форуми на заедницата за проекти од Грантовата шема на МЛС/СДЦ во рамки на проектот „Одржлив и инклузивен рамномерен регионален развој – II фаза", како и за начинот на организирање и спроведување на регионални форуми за утврдување на Предлог – листа за финансирање на проекти за развој на планските региони од Програмата за рамномерен регионален развој за 2022 година со индикативно планирани средства за 2023 година.

На седницата на Советот за развој на ИПР, беа разгледани и се донесе:

- Одлука за верификација на мандат на член во Советот за развој на Источен плански регион - претставник од здруженијата, и
- Согласност за ангажирање на привремен агенциски работник / Известување за обезбедени финансиски средства.

На ден 29.03.2022 година во општина Виница, се одржа четвртата Седница на Советот за развој на Источен плански регион

На седница на Советот за развој на ИПР, беа разгледани и се донесе:

- Одлука за усвојување на Годишниот Извештај за спроведување на Програмата за развој на Источниот плански регион 2021-2026 за 2021 година;
- Одлука за усвојување на Годишниот Извештај за работењето на Центарот за развој на Источен плански регион за 2021 година;
- Одлука за давање на позитивно мислење и усвојување на завршната сметка на Центарот за развој на Источниот плански регион за 2021 година;
- Одлука за давање на позитивно мислење и усвојување на завршната сметка на Проектот ,,Програма за зачувување на природата во Македонија – фаза 2" за 2021 година;
- Одлука за давање на позитивно мислење и усвојување на завршната сметка на Проектот ,,Одржив и инклузивен рамномерен регионален развој - I фаза" за 2021 година;
- Одлука за давање на позитивно мислење и усвојување на завршната сметка на Проектот ,,Културен мост низ вековите" за 2021 година;
- Одлука за давање на позитивно мислење и усвојување на завршната сметка на Проектот ,,Нашето заедничко минато - патека за заедничка иднина" за 2021 година;

На ден 14.04.2022 година во општина Штип се одржа петтата итна Седница на Советот за развој на Источен плански регион

На седница на Советот за развој на ИПР, беа разгледани и донесени:

- Одлука за поддршка на концепт решенија за аплицирање по претстојниот повик за користење на средства од Програмата за рамномерен регионален развој за 2023 година со индикативно планирани средства за 2024 година;
- Одлука за спојување на концепт решенија;
- Одлука за утврдување на Листа на приоритетни концепт решенија;
- Одлука за преотстапување на изграден објект „Рехабилитација на полски пат во село Вирче, општина Делчево".

На Седницата имаше и дискусија во врска со очекувањата и предизвиците од идното студиско патување во рамки на проектот „Одржлив и инклузивен рамномерен регионален развој – фаза 2", со странски експерт и претставници на проектната единица.

На седницата беа презентирани концепт решенијата, како фаза четири од начинот на организирање и спроведување на регионални консултации – форуми за утврдување на Предлог – листа на проекти за развој на планските региони, за финансирање од Програмата за рамномерен регионален развој за 2022 година со индикативно планирани средства за 2023 година.

На седницата беа презентирани и предложените концепт решенија, како четврти чекор од Упатството за начинот на организирање и спроведување на регионални форуми на заедницата за проектите од Грантовата шема на СДЦ/ МЛС "Одржлив и инклузивен рамномерен регионален развој – II фаза".

<u>На ден 28.04.2022 година во општина Делчево се одржа шестата Седница на Советот за развој на Источен плански регион</u>

На седница на Советот за развој на Источен плански регион, беа разгледани и донесени:

- Одлука за утврдување на Листа на предлог – проекти за развој на Источен плански регион, за финансирање од Програмата за рамномерен регионален развој за 2022 година со индикативно планирани средства за 2023 година;

Беше презентиран проект за автомати за рециклирање на пластичен отпад (шишиња), како дел од проектите за рециклирање на пластичен отпад на Програмата која Швајцарската Амбасада ја води преку СДЦ каде главен партнер е ПАКОМАК.

Беше дадена информација за приоретизирани концепт решенија на втората форумска сесија за избор на проекти од Грантовата шема на СДЦ/ МЛС „Одржлив и инклузивен рамномерен регионален развој – II фаза".

<u>На ден 04.11.2022 година во општина Пробиштип се одржа седмата Седница на Советот за развој на Источен плански регион</u>

На седница на Советот за развој на Источен плански регион, беа разгледани и донесени:

- Одлука за преотстапување на изграден објект „Рехабилитација на полски пат во село Вирче, општина Делчево (завршеток на траса)";
- Одлука за преотстапување на изграден објект „Реконструкција на постоечка улица 3 во туристичка населба Беровска езеро, општина Берово";
- Одлука за избор на Претседател на Советот за развој на Источен плански регион.

На Седницата од страна на надворешни експерти беа презентирани:

✓ Можностите за мултифункционално искористување на водните ресурси од Источен плански региони, врз основа на Студијата за можности за регулација на река Брегалница (мини акумулации, брани и каскади);

- ✓ Концепти на Решенија засновани на природата за пречистување на водите и адаптација на климатските промени;
- ✓ Можноста од спроведување на организиран регионален пристап во однос на заштита на населението во Источен плански регион од вектор-преносливи болести преку дезинсекција на возрасни комарци – презентер претставник од Центар за јавно здравје Скопје.

Беа дадени информации за:

- Проекти за развој на планскиот регион за 2022 година со индикативно планирани средства за 2023 година;
- Тек на процесот на избор за финансирање на инвестициски предлог-проект во рамки на Грантовата шема на МЛС/СДЦ „Одржлив и инклузивен рамномерен регионален развој – II фаза";
- Начинот на организирање и спроведување на регионални консултации – форуми за утврдување на Предлог – листа за финансирање на проекти за развој на Источен плански регион од Програмата за 2023 година со индикативно планирани средства за 2024 година.

<u>На ден 20.12.2022 година се одржа осмата Седница на Советот за развој на Источен плански регион</u>

На седница на Советот за развој на Источен плански регион од страна на надворешниот експерт беа презентирани концепт решенијата, како фаза четири од начинот на организирање и спроведување на регионални консултации – форуми за утврдување на Предлог – листа на проекти за развој на планските региони, за финансирање од Програмата за рамномерен регионален развој за 2023 година со индикативно планирани средства за 2024 година и Советот донесе Одлука со која ги прифати.

На Седницата беа разгледани и донесени:

- Одлука за преотстапување на изграден објект „Изградба на фекална канализација во с. Лесново, општина Пробиштип (фекална канализација крак 1 и крак 2 и Пречистителна станица)";
- Одлука за преотстапување на изграден објект „Осветлување на дел од магистрален пат А3 кој поминува низ Македонска Каменица";
- Одлука за усвојување на Финансискиот план на Центарот за развој на Источен плански регион за 2023 година;
- Одлука за утврдување на вредност на бодот за пресметување на платите на вработените во стручната служба на Центар за развој на Источен плански регион за 2023 година.

На седницата Советот го донесе Годишниот Акционен план за 2023 година за спроведување на спроведување на Програмата за развој на Источен плански регин 2021-2026 и беше дадена и согласност за склучување на Анекс на Договор за вработување на определено време / Известување за обезбедени финансиски средства.

XIII. Седници на Меѓуопштински одбор за управување со отпад во Источен плански регион.

На ден 10.02.2022 година се одржа Конститутивна седница за формирање на Меѓуопштински одбор за управување со отпад во Источен плански регион;

На седница на Меѓуопштински одбор за управување со отпад во Источен плански регион, беа разгледани:

- Информација за состојбата и степенот на реализација на проектите за воспоставување на интегриран систем за управување со отпад во Источен плански регион - претставник од МЖСПП, претставник од Стручната служба на МОУО во ИПР;
- Информација за постапката на регистрирање и основање на Заедничкото јавно претпријатие за регионално управување со отпад ЗЈПРУО „ЕКО ИСТОК-СЕВЕРОИСТОК " Свети Николе- Г-дин Драган Паневски Свети Николе;
- Информација за состојбата за ликвидација на Меѓуопштинското јавно претпријатие за управување со отпад во Источен плански регион Депонија ИСТОК Штип;

На седница на Меѓуопштински одбор за управување со отпад во Источен плански регион, беа донесени:

- Одлука за потврдување на одлуката за ликвидација на Меѓуопштинското јавно претпријатие за управување со отпад во Источен плански регион Депонија ИСТОК Штип;
- Одлука за избор на ликвидатор на Меѓуопштинското јавно претпријатие за управување со отпад во Источен плански регион Депонија ИСТОК Штип;
- Одлука за распоред на претседавачи на Меѓуопштинскиот одбор за управување со отпад во Источен плански регион со мандат од една година и по принцип на ротација;
- Одлука за задолжување на Општина Свети Николе за избор на член на Управен одбор и член на Надзорен одбор од Општина Свети Николе на Заедничкото јавно претпријатие за регионално управување со отпад ЗЈПРУО „ЕКО ИСТОК-СЕВЕРОИСТОК " Свети Николе;
- Одлука за започнување на постапка за избор на раководители на подружниците на Заедничкото јавно претпријатие за регионално управување со отпад ЗЈПРУО „ЕКО ИСТОК- СЕВЕРОИСТОК" Свети Николе- претоварните станици (шест **претоварни станици)- Г-дин Драган Паневски Свети Николе;**

На ден 04.04.2022 година се одржа втората редовна Седница на Меѓуопштински одбор за управување со отпад во Источен плански регион

На седница на Меѓуопштински одбор за управување со отпад во Источен плански регион, беа разгледани:

- Информација за состојбата и степенот на реализација на проектите за воспоставување на интегриран систем за управување со отпад во Источен плански регион - претставник од МЖСПП, претставник од Стручната служба на МОУО во ИПР;
- Информација за состојбата за ликвидација на Меѓуопштинското јавно претпријатие за управување со отпад во Источен плански регион Депонија ИСТОК Штип- назначено лице адвокат Драган Паневски од Свети Николе;
- Предлог-Изјава од Градоначалниците на општините во состав на Источен плански регион, членови на Меѓуопштинскиот одбор за управување со отпад за Источен плански регион.

XIV. Седници на Советот за социјална заштита на Источен плански регион

Согласно член 143 од Законот за социјална заштита (Сл. весник на РМ бр. 104 од 23.05.2019 година), заради планирање и развој на мрежата на социјални услуги на Источен плански регион беше формиран Совет за социјална заштита на Источен плански регион.

На ден 20.12.2022 година се одржа втора седница на Советот за социјална заштита на Источен плански регион, чиј членови се градоначалниците на единаесетте општини и директорите на шестте центри за социјална работа на подрачјето на Источен плански регион.

На седница на Советот за социјална заштита на Источен плански регион, беа разгледани и донесени:

- Одлука за констатирање престанок на мандат на членови на Советот;
- Одлука за констатирање на мандат на членови на Советот;
- Избор на Претседател на Советот за социјална заштита на Источен плански регион.

Изработил:
Андреа Златковска
Координатор за стратешко планирање и регионален развој

Центар за развој на Источен плански регион
Директор
Зујица Ангелова

ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ ИСТОЧЕН ПЛАНСКИ РЕГИОН * Штип *

ИСТОЧЕН РЕГИОН

ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ НА ИСТОЧЕН ПЛАНСКИ РЕГИОН

ГОДИШЕН ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ЦЕНТАРОТ ЗА РАЗВОЈ НА ИСТОЧЕН ПЛАНСКИ РЕГИОН ЗА 2022 ГОДИНА

Март 2023

Врз основа на член 12 став 1 од Одлуката за основање на Центарот за развој на Источен плански регион (од 2008 година и од 2021 година), Директорот на Центарот доставува на усвојување Годишен финансиски извештај за работа на Центарот за развој на Источен плански регион до Советот за развој на Источен плански регион.

Основа за изработка на извештајот се:

1. Завршната сметка на Центарот за развој на Источен плански регион за 2022 година и
2. Завршните сметки од проекти за 2022 година:
   - Нашето заедничко минато – патека за заедничка иднина;
   - Културен мост низ вековите;
   - Одржлив и инклузивен рамномерен регионален развој – II фаза;

ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ НА ИСТОЧЕН ПЛАНСКИ РЕГИОН

Основна сметка: 880006116678918
ЕДБ: 4029008502164
МБ: 6362800

(во денари)

Ред. бр.	ПРИХОДИ	2021	2022
1.	Пренесен вишок на приходи од претходни години	32.208.362,00	42.534.826,00
2.	Трансфер на средства од општините за тековно работење на Центарот	1.264.920,00	728.365,00
3.	Трансфер на средства од МЛС согласно Договорот за соработка	1.235.000,00	1.200.000,00
4.	Трансфер на средства од МЛС согласно договорот за Бизнис Центарот	283.333,00	400.000,00
5.	Приходи од менаџирање на проекти МЛС-БРР	939.950,00	1.200.000,00
6.	Трансфер на средства за реализација на проекти МЛС-БРР	22.186.606,00	25.805.810,00
7.	Трансфер на средства за кофинансирање на проекти од општините	16.830.529,00	12.530.265,00
8.	Трансфер на средства од МЗШВ за реализација на проекти	-	2.022.712,00
9.	Трансфер на средства од АФПЗРР за реализација на проекти	23.323.463,00	-
10.	Приходи од менаџирање на проекти, SDC, CBC, EY	1.047.354,00	572.705.00
11.	Останати приходи (наплата на гаранција, наплата на штета, и сл.)	145.488,00	12.657.00
12.	Трансфер на средства од под-сметки на проекти	-	4.708.526,00
	ВКУПНО:	**99.465.005,00**	**91.715.866.00**

(во денари)

Ред. бр.	РАСХОДИ	2021	2022
1.	Бруто плати и надоместоци	4.381.571,00	4.241.738,00
2.	Патни и дневни расходи во земјата и странство	80.685,00	109.421,00
3.	Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт	167.173,00	274.607,00
4.	Горива и масла	79.376,00	99.419.00
5.	Прехранбени продукти, хигиенски средства	26.396,00	17.721.00
6.	Организација на работилници	-	6.600,00
7.	Регистрација и осигурување на возило, опрема и патничко осигурување	31.363,00	68.972,00
8.	Поправка и одржување на возило	2.050,00	8.563,00
9.	Сметководствени услуги	161.670,00	162.840,00
10.	Договорни услуги и ПАВ	326.677,00	357.560,00
11.	Други оперативни расходи	581.896,00	161.868,00
12.	Финансирање на нови програми и подпрограми (проекти)	51.059.422,00	23.627.810,00
13.	Купување на опрема	31.900,00	-
	ВКУПНО:	**56.898.279,00**	**29.137.119,00**
	Пренесен вишок на приходи во наредна година	*42.534.826,00*	*62.578.747,00*

НАШЕТО ЗАЕДНИЧКО МИНАТО – ПАТЕКА ЗА ЗАЕДНИЧКА ИДНИНА

Сметка на проектот: 8800061166785F1
ЕДБ: 4080019128413
МБ: 6362800

(во денари)

Ред. бр.	ПРИХОДИ	2021	2022
1.	Пренесено салдо од претходна година	412.818,00	2.163.661,00
2.	IPA CBC BG_MK	10.545.926,00	9.055.589,00
3.	Средства од национално кофинансирање	1.361.671,00	148.660,00
	ВКУПНО:	**12.320.415,00**	**11.367.910,00**
	РАСХОДИ		
1.	Реализирани проектни активности	7.481.015,00	-
2.	Трансфер на средства кон ПП2-партнер	2.675.739,00	8.650.826,00
3.	Трансфер на средства кон основната сметка на ЦРИПР	-	2.717.084,00
	ВКУПНО:	**10.156.754,00**	**11.367.910,00**
	За пренос во наредна година	2.163.661,00	-

КУЛТУРЕН МОСТ НИЗ ВЕКОВИТЕ

Сметка на проектот: 8800061166785G6
ЕДБ: 4080019129100
МБ: 6362800

(во денари)

Ред. бр.	ПРИХОДИ	2021	2022
1.	Пренесено салдо од претходна година	785.367,00	188.792,00
2.	IPA CBC BG_MK	3.983.241,00	1.529.264,00
3.	Средства од национално кофинансирање	708.202,00	273.385,00
	ВКУПНО:	**5.476.810,00**	**1.991.441,00**
	РАСХОДИ		
1.	Реализирани проектни активности	5.288.018,00	-
2.	Трансфер на средства кон основната сметка на ЦРИПР	-	1.991.441,00
	ВКУПНО:	**5.288.018,00**	**1.991.441,00**
	За пренос во наредна година	188.792,00	-

ОДРЖЛИВ И ИНКЛУЗИВЕН РАМНОМЕРЕН РЕГИОНАЛЕН РАЗВОЈ – ФАЗА 2

Сметка на проектот: 8800061166785H0
ЕДБ: 4080021136911
МБ: 6362800

(во денари)

Ред. бр.	ПРИХОДИ	2022
1.	МЛС-SDC	1.285.600,00
	ВКУПНО:	**1.285.600,00**
	РАСХОДИ	
1.	Реализирани проектни активности	757.400,00
	Административни трошоци за Бизнис Центар (плата и надоместоци)	400.000,00
	ВКУПНО:	**1.157.400,00**
	За пренос во наредна година	128.200,00

Изработил:
Андреа Златковска
Координатор за стратешко планирање и регионален развој

Центар за развој на Источен плански регион
Директор
Зујица Ангелова